Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, Уп1 бр.02-428 од 22.11.2021 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-4319/5 од 29.11.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 35-та седница одржана на 29.11.2021 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Рахим Кадри (поранешен од Скопје), со ЕМБГ 1807965450046 и адреса на ул. „5“ бр. 3А во Долно Нерези, Карпош, Скопје, со учество од 50% во основната главнина, и

- за пристапување на физичкото лице, законскиот наследник Мефаил Кадри, со ЕМБГ 2603999450133 и адреса на ул. „Партизанска 5“ бр. 3А Карпош, Скопје, со учество од 50% во основната главнина, син на Рахим Кадри (поранешен од Скопје), сопственик на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје со учество од 50% во основната главнина, врз основа на Решение Он.нов.бр.5442/21, УДР.бр.90/21 од 03.11.2021 година, донесено од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за подрачјето на основните судови на град Скопје, правосилно на 03.11.2021 година.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ВАТ ДОО Скопје, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-428 од 22.11.2021 г.), ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје.

Причина за поднесување на цитираното известување е поради тоа што сосопственикот на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, Рахим Кадри со ЕМБГ 1807965450046 и адреса на ул. „5“ бр. 3А во Долно Нерези, Карпош, Скопје, со учество од 50% во основната

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

главнина, починал на ден 17.03.2021 година. Согласно Решението Он.нов.бр.5442/21, УДР.бр.90/21 од 03.11.2021 г., по спроведената оставинска постапка, лицето Мефаил Кадри, син на оставителот, е прогласен за законски наследник на право на непаричен влог - удел во износ од 186.000,00 МКД во правното лице - Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, со седиште на ул. Ванчо Мицков бр.17/Б со ЕМБС 5224209.

Доставеното Известување за промена на сопственичка структура (Уп1 бр.02-428 од 22.11.2021 г.) од страна на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, се утврди дека е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. По извршената промена на сопственичка структура, сопственици на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје ќе бидат физичкото лице Мефаил Кадри, со ЕМБГ 2603999450133 и адреса на ул. „Партизанска 5“ бр. 3А Карпош, Скопје, со учество од 50% во основната главнина и Екрем Кадри, со ЕМБГ 1910961450055 и адреса на ул. „Ванчо Мицков“ бр. 17б во Долно Нерези, Карпош, Скопје, со учество од 50% во основната главнина.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-428 од 22.11.2021 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 02-428

29. 11 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
2. Управителот на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје;
3. Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
4. Сектор за правни работи и јавни набавки и
5. Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.